| | **584,727,853** | **429,160,046** | **91,175,000** | **44,299,537** | **553,937,589** | **539,236,759** | **28,680,000** | **13,493,578** | **0** | **0** | **1,258,520,442** | **1,026,189,920** |
| X10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 210,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 210,000 | 0 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 425 Договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426 Други тековни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426310 Семинари и конференции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **210,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **210,000** | **0** |
| 464 Разни трансфери | 210,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 210,000 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 210,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 210,000 | 0 |

**Член 3**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

**Член 4**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-2367/5
14 март 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за прифаќање на донација - набавка, транспорт и достава на 20 тони пелети за греење наменети за ЈДГ „Весели Цветови“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје и ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“ Кисела Вода – Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација - набавка, транспорт и достава на 20 тони пелети за греење наменети за ЈДГ „Весели Цветови“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје и ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“ Кисела Вода – Скопје, донесена на Педесет и првата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 14 март 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-3019/4
25.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на општина Кисела Вода на Педесет и првата пленарна седница одржана на 14 март 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за прифаќање на донација -**
**набавка, транспорт и достава на 20 тони пелети за греење наменети за ЈДГ „Весели Цветови“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје и ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“ Кисела Вода - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата – набавка, транспорт и достава на 20 тони пелети за греење наменети за ЈДГ „Весели цветови“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје и ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“ Кисела Вода - Скопје, која се дава од Друштво за градежништво, трговија и услуги АДРА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во вредност од 240.000,оо денари.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со Друштво за градежништво, трговија и услуги АДРА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во насока на спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-2367/6
14 март 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка (субвенција) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка (субвенција) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во општина Кисела Вода, донесен на Педесет и првата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 14 март 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-3019/5
25.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) а во врска со член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл. Гласник на Општина Кисела Вода" бр.08/20, Советот на општина Кисела Вода на Педесет и првата пленарна седница одржана на 14 март 2025 година, донесе

**Правилник**

**за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка (субвенција) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во општина Кисела Вода**

**Општи одредби**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат: условите, критериумите, видот и начинот на финансиската поддршка (субвенција) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во општина Кисела Вода. Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на Општина Кисела Вода преку Програмата за Месна самоуправа Д10, ставка 464990 за тековната година каде по донесувањето на овој Правилник ќе се објави Јавен повик за спроведување на постапката за доделувањето на финансиската поддршка (субвенција) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во општина Кисела Вода.

**Член 2**

Корисници на финансиската поддршка (субвенција) се Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на станбени згради за колективното домување и сопственици на индивидуални станбени објекти (куќи) во понатамошниот текст: kорисници, кои аплицираат врз основа на јавен повик за финансиска поддршка (субвенција) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални објекти (куќи) во општина Кисела Вода, преку:

-пополнување на апликација
-доставување на потребна документација
-исполнување на потребните услови

**НАПОМЕНА: ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВА ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН-ПРВ УСЛУЖЕН, ДО ИСЦРПУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, ЗА ТАА НАМЕНА ДЕФИНИРАНИ ВО ЧЛЕН 1 ОД ОВАА ОДЛУКА.**

**Член 3**

Процесот на субвенционирање ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Член 4**

Општи услови кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните корисници на субвенцијата:

**За станбени згради за колективно домување:**

1.Да се регистрирани како Заедници на сопственици или со заедницата да управува правно лице – Управител, согласно Законот за домување, за што се доставува решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице - Управител.
-Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица, или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – решение од ЦР на РСМ или да достави Договор со фирмата управител која ја застапува заедницата на колективниот станбен објект.

2.Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци), појаснување: потребно е да се достави имотен лист за секој стан засебно, со кој ќе се потврди сопственоста на апликантите или листа на сопственици од АКН- Агенција за катастар на недвижности. Имотните листови да се достават во оригинал или нотарски заверена копија.
-Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – Имотен лист/листови со кој се докажува сопственоста на секој стан засебно или да достави листа на сопственици од АКН- Агенција за катастар на недвижности.

**За индивидуални станбени објекти (куќи):**

1. Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци). Имотните листови да се достават во оригинал или нотарски заверена копија.

**Член 5**

Посебните услови кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници за субвенционирање:

**За колективни станбени објекти:**

1. Апликантите да не се претходни корисници на субвенција за иста намена.
2. Станбените згради за колективно домување да се постари од 20 години.
3. Доказ за старост на колективниот станбен објект се потврдува со Изјава заверена на нотар, или со достава на купопродажен договор за стан (доволен е купопродажен договор на еден од сопствениците).
4. Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на кровен покривач и дека се согласни да учествуваат со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за санација-поправка на кровен покривач (во прилог кон одлуката да достават список со потписи од 50% плус еден сопственик), да е архивски заверена.

4.1. Одлуките се сметаат за усвоени доколку истите своерачно ги потпишале 50% плус еден сопственик од вкупниот број на сопственици на посебни делови на колективниот станбен објект.

5. Договор со Изведувачот за поправка или санација на кровниот покривач.

6. Договор со надзор.

Одлуката се доставува во оригинален примерок и истата е потребно да бидат заверени со архивски број и потпишани од страна на овластено лице и печат.

**За индивидуални станбени објекти (куќи):**

1.Апликантите да не се претходни корисници на субвенција за иста намена.

2.Носителот на Апликацијата да е носител на правото на сопственост врз објектот за кој се аплицира.

3.Индивидуалните станбени објекти (куќи) да имаат постоечки азбестен кровен покривач.

4.Изјава од сопственикот на индивидуалниот станбен објект дека е согласен да изврши замена на азбестен кровен покривач и дека е согласен да учествува со сопствени средства за дел од вкупниот износ за замена на кровен покривач (Изјавата да биде нотарски заверена).

5.Сопственикот на индивидуалниот станбен објект да достави Договор со Изведувачот за замената на азбестниот кровен покривач.

- Забелешка: Документите се доставуваат во оригинален примерок илинотарски заверена копија.

**НАПОМЕНА: Апликантите мора прво да добијат писмено известување дека се потенцијални корисници, потоа да почнат со промена на кровниот покривач.**

**Член 6**

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на Општина Кисела Вода, Програмата за Месна самоуправа Д10 ставка 464990 за тековната година и објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Кисела Вода, по принципот прв дојден-прв услужен до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Кисела Вода за тековната година за таа намена, со тоа што финансирањето во однос на замената на кровните покривачи ќе биде извршена во целост од сопственикот на објектот, а субвенционирано од страна на Општина Кисела Вода, во висина од:

**За колективни станбени објекти:**

Најмногу до 50%, но не повеќе од 150.000,00 денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и санација на кровен покривач за секоја одобрена апликација, поднесена од Заедница на станари или Управителот на станбената зграда врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции.

Сопствениците на станови во станбените згради за колективно домување ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 50% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Одлуки дефинирани во член 5 од овој Правилник.

**За индивидуални станбени објекти (куќи):**

Најмногу до 50%, но не повеќе од 50.000,00, денари од вкупниот износ на вредноста на замената на азбестниот кровен покривач за секоја одобрена апликација.

Сопствениците на индивидуалните станбени објекти (куќи) ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 50% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Изјави заверени на нотар, дефинирани во член 5 од овој Правилник.

**Член 7**

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите во овој Правилник, општината објавува Јавен повик во дневен весник и во електронска форма на веб страната на Општина Кисела Вода.

Рокот за поднесување на апликациите ќе трае до исцрпување на предвидените средства.

**Член 8**

Постапката за субвенционирање ќе се одвива во 2 (две) фази.

**За колективни станбени објекти:**

Првата фаза се состои од достава на следните документи:

-Пополнета Апликација – образец, потпишан од станбен управител

Решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител,

-Имотен лист оригинал или нотарски заверена копија, не постар 6 месеци за секој стан засебно или листа на сопственици од АКН- Агенција за катастар на недвижности,

-Доказ за старост на колективниот станбен објект,

-Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на кровен покривач и дека се согласни да учествуваат со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за санација-поправка на кровен покривач

-Договор со Изведувачот за поправка или санација на кровниот покривач,

-Договор со надзор,

-Фотографии од постоечката состојба.

**НАПОМЕНА: ПО КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД ПРВАТА ФАЗА, АПЛИКАНТОТ ЌЕ ДОБИЕ ПИСМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ДЕКА Е ПОТЕНЦИЈАЛЕН КОРИСНИК, СО ШТО ЌЕ ПРЕМИНЕ КОН ВТОРА ФАЗА И АПЛИКАНТОТ МОЖЕ ДА ОТПОЧНЕ СО ЗАМЕНА НА КРОВНИОТ ПОКРИВАЧ.**

Втората фаза се состои од достава на следните документи:

-Завршна ситуација со спецификација (фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот)

-Извештај од надзор

-Фотографии од новата состојба на кровниот покривач.

**За индивидуални станбени објекти (куќи):**

Првата фаза се состои од достава на следните документи:

-Пополнета Апликација – образец, потпишан од сопственикот на индивидуален станбен објект (куќа),

-Изјава од сопствникот на индивидуалниот станбен објект дека е согласен да изврши замена на азбестен кровен покривач и дека е согласен да учествува со сопствени средства за дел од вкупниот износ за замена на кровен покривач (Изјавата да биде нотарски заверена),

-Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци), во оригинал или нотарски заверена копија,

-Договор со Изведувачот,

-Фотографии од постоечката состојба.

**НАПОМЕНА: ПО КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД ПРВАТА ФАЗА, АПЛИКАНТОТ ЌЕ ДОБИЕ ПИСМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ДЕКА Е ПОТЕНЦИЈАЛЕН КОРИСНИК, СО ШТО ЌЕ ПРЕМИНЕ КОН ВТОРА ФАЗА И АПЛИКАНТОТ МОЖЕ ДА ОТПОЧНЕ СО ЗАМЕНА НА КРОВНИОТ ПОКРИВАЧ.**

Втората фаза се состои од достава на следните документи:

-Изјава од изведувач за завршена работа заверена од нивна страна

-Фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот

-Фотографии од новата состојба на кровниот покривач

**Член 9**

Јавниот повик за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровен покривач на станбени згради за колективно домување и замена на азбестен кровен покривач на индивидуални станбени објекти (куќи) ќе ги содржи следните елементи:

-опис на објектите за колективно домување/индивидуален станбен објект за кои што сопствениците можат да аплицираат,

-висина на процентот на субвенционирање,

-услови кои станарите што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство за барателите/апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата, согласно одредбата од член 2 од овој Правилник. Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени од Буџетот на Општина Кисела Вода за тековната година, за предметната намена.

**Член 10**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на Општина Кисела Вода формира Комисија од 5 члена.

Комисијата доставува извештај за својата работа до Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација, при што за својата работа. Комисијата составува Записник.

Во Записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи), базиран на условите и критериумите кои се дефинирани во овој Правилник. Првенство за субвенционирање ќе имаат апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата.

**Член 11**

По комплетирање на потребната документација, на предлог на Комисијата за имплементација на финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и за замена на азбестни кровни покривачи во индивидуални станбени објекти (куќи), а врз основа на Извештајот на Комисијата Градоначалникот на Општина Кисела Вода или овластен раководен службеник потпишува Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена и донесува Решение за исплата на финансиски средства за предметната намена.

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се врши:

**За колективни станбени згради:**

-по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување, прегледани и потпишани од страна на Надзорен орган.

Општина Кисела Вода ќе ги префрли одобрените средства на жиро сметка за резервен фонд на колективниот станбен објект

**За индивидуален станбен објект (куќа):**

-по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект.

Во договорите потпишани помеѓу Општина Кисела Вода и заедниците на станари или овластениот управител на зградата или сопственикот на индивидуалниот станбен објект (куќа), ќе се утврди износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Кисела Вода врз основа на доставената техничка спецификација, која што ќе изнесува:

-50%, но не повеќе од 150.000,00 денари за поправка и санација на кровни покривачи во колективни станбени објекти, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции, согласно член 2 од овој Правилник и

-најмногу до 50%, но не повеќе од 50.000,00 денари за замена на азбестен кровен покривач, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции, согласно член 2 од овој Правилник.

**Завршни одредби**

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-2367/7
14 март 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за давање согласност на измената и дополнувањето на Статутот на Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на измената и дополнувањето на Статутот на Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје, донесена на Педесет и првата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 14 март 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-3019/6
25.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20), расправајќи по барањето за давање согласност на измената и дополнувањето на Статутот на Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје, Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и првата пленарна седница одржана на 14 март 2025 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за давање согласност на измената и дополнувањето на Статутот на Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје**

1.Со овој Заклучок се дава согласност на измената и дополнувањето на Статутот на Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје.

2.Овој Заклучок да се достави до Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје и Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура на Општина Кисела Вода.

3.Овој Заклучок ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-2367/8
14 март 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за прифаќање на донација - 80 садници – чинар наменети за засадување во дворовите на општинските основни училишта и јавните детски градинки во Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација - 80 садници – чинар наменети за засадување во дворовите на општинските основни училишта и јавните детски градинки во Општина Кисела Вода, донесена на Педесет и првата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 14 март 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-3019/7
25.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и првата пленарна седница одржана на 14 март 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за прифаќање на донација - 80 садници – чинар наменети за засадување во дворовите на општинските основни училишта и јавните детски градинки во Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата – 80 садници – чинар наменети за засадување во дворовите на општинските основни училишта и јавните детски градинки во Општина Кисела Вода, која се дава од ЕУ ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ, во вредност од 153.374,оо денари.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со ЕУ ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ, во насока на спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-2367/9
14 март 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Марјана Дамјаноска**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Марјана Дамјаноска, донесена на Педесет и првата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 14 март 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-3019/8
25.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), а согласно Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.2/2022), расправајќи по барање бр.09-2299/1 од 05.03.2025 година поднесено од Марјана Дамјаноска, Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и првата пленарна седница одржана на 14 март 2025 година, донесе

## ОДЛУКА

### за одобрување средства како еднократна парична помош на Марјана Дамјаноска

**Член 1**

Со оваа Одлука, а врз основа на Барање бр.09-2299/1 од 05.03.2025 година поднесено од Марјана Дамјаноска со живеалиште на ул.Бистра бр.35, се доделуваат финансиски средства во висина од 20.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-2367/10
14 март 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 13-7363 од 07.02.2025 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Северна Македонија, во текот на два последователни дена, поради неможност за уредна достава на известувања до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 3971/2 КО Кисела Вода 1, Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 27.12.2024 година со Бр. 13-7363 е издадено Одобрение за надградба на индивидуални куќи по член 59-ѕ – А1, согласно ДУП: на дел од МЗ 11 Октомври(југоисточна индустриска зона) УБ2-јужен дел објект од втора категорија, на КП 3971/2 КО Кисела Вода 1, Скопје, објект од втора категорија, на инвеститорот Никола Апостоловски, со адреса на Ул. Мери Бошкова бр.72 Скопје и заверен е Основен проект (Архитектура) за надградба на објект за домување во станбена куќа(А1) на КП 3971/2 КО Кисела Вода 1– PDF и DWG, документи со технички број 116/24 од септември 2024 година, изработен од проектант Лидја Димова д.и.а со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.0304 од 25.01.2024 година - Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје, ЕМБС 6429700, со Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.764/Б од 20.05.2023 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил,
М-р Ивана Зафировски д.и.а.
Согласен,
*Секретар на Општина Кисела Вода*
М-р Мирко Ивановски

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ ОД ГРАДОНАЧАЛНИК
Гоце Станкоски, д.и.а.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 13-7363 од 07.02.2025 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи, за издавање на Одобрение за надградба на индивидуални куќи по член 59-ѕ – А1, согласно ДУП: на дел од МЗ 11 Октомври(југоисточна индустриска зона) УБ2-јужен дел објект од втора категорија, на КП 3971/2 КО Кисела Вода 1, Скопје, објект од втора категорија, ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со горенаведените катастарски парцели, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 27.12.2024 година со Бр. 13-7363 е издадено Одобрение за надградба на индивидуални куќи по член 59-ѕ – А1, согласно ДУП: на дел од МЗ 11 Октомври(југоисточна индустриска зона) УБ2-јужен дел објект од втора категорија, на КП 3971/2 КО Кисела Вода 1, Скопје, објект од втора категорија, на инвеститорот Никола Апостоловски, со адреса на Ул. Мери Бошкова бр.72 Скопје и заверен е Основен проект (Архитектура) за надградба на објект за домување во станбена куќа(А1) на КП 3971/2 КО Кисела Вода 1– PDF и DWG, документи со технички број 116/24 од септември 2024 година, изработен од проектант Лидја Димова д.и.а со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.0304 од 25.01.2024 година - Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје, ЕМБС 6429700, со Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.764/Б од 20.05.2023 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

Согласно член 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 11, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 13-7363 од 07.02.2025 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена, односно во службеното гласило на Општина Кисела Вода, до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2345 и КП 2349/4 КО Кисела Вода 1, Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 27.12.2024 година со Бр.13-5499/4 е издадено Одобрение за градење, со намена на градба: домување во станбена куќа – А1, на ГП бр. 2.12 од ДУП;Измена и дополна на детален урбанистички план ПРЖИНО 1 дел од урбан дел 2 и дел од урбан дел 3, Општина Кисела Вода, на КП 2345 и КП 2349/4 КО Кисела Вода 1, Скопје на инвеститорот Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕКОТОН ДИЗАЈН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје и заверен е Основен проект – PDF и DWG документи, тех. бр.10-03/23 од Август 2023 година, изработен од проектант Ана Ѓорѓиевска со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.1735 од 23.05.2021 година – Друштво за проектирање, инженеринг и трговија НИНОВСКИ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Скопје, ЕМБС 7277466, со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.959/Б од 24.02.2021 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил:
Сандра Ангелов, д.и.а.
Согласен:
Секретар на Општина Кисела Вода
М-р Мирко Ивановски

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК
Гоце Станкоски, д.и.а.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 13-7363 од 07.02.2025 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год. и бр. 65/18)., ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2345 и КП 2349/4 КО Кисела Вода 1, Скопје како и сите заинтересирани странки, дека на ден 27.12.2024 година со Бр.13-5499/4 е издадено Одобрение за градење, со намена на градба: домување во станбена куќа – А1, на ГП бр. 2.12 од ДУП;Измена и дополна на детален урбанистички план ПРЖИНО 1 дел од урбан дел 2 и дел од урбан дел 3, Општина Кисела Вода, на КП 2345 и КП 2349/4 КО Кисела Вода 1, Скопје на инвеститорот Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕКОТОН ДИЗАЈН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје и заверен е Основен проект – PDF и DWG документи, тех.бр.10-03/23 од Август 2023 година, изработен од проектант Ана Ѓорѓиевска со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.1735 од 23.05.2021 година – Друштво за проектирање, инженеринг и трговија НИНОВСКИ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Скопје, ЕМБС 7277466, со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.959/Б од 24.02.2021 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 5, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во четврток од 12-14 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Правилник за остварување на правото на парична помош на жртви на семејно/родово базирано насилство за жители на Општина Кисела Вода;

2. Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кисела Вода во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП);

3. Заклучок за усвојување на Годишен извештај на Општина Кисела Вода за 2024 година, со:

-Завршна сметка на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година;

-Извештај за побарувањата и за обврските на Општина Кисела Вода, содржани во Завршната сметка на Општина Кисела Вода за 2024 година;

-Извештај за реализација на блок дотации на Општина Кисела Вода во 2024 година;

-Извештај од одговорниот сметководител за точноста и веродостојноста на годишната сметка на Општина Кисела Вода за 2024 година;

-Годишен извештај за користење на средства од резервите на Општина Кисела Вода во 2024 година;

4. Одлука за прифаќање на донација - набавка, транспорт и достава на 20 тони пелети за греење наменети за ЈДГ „Весели Цветови“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје и ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“ Кисела Вода – Скопје;

5. Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка (субвенција) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во општина Кисела Вода;

6. Заклучок за давање согласност на измената и дополнувањето на Статутот на Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје;

7. Одлука за прифаќање на донација - 80 садници – чинар наменети за засадување во дворовите на општинските основни училишта и јавните детски градинки во Општина Кисела Вода;

8. Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Марјана Дамјаноска;

9. Јавна објава Бр. 13-7363 од 07.02.2025 година;

10. Јавна објава Бр. 13-5499 од 14.02.2025 година;